**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија**

**одржана на 14 јуни 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со рабора за Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Во салата присуствуваат 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката шест - Предлог на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за избор на пратеници во Собранието на .РМ.

Во меѓувреме Владата на РМ поднесе амандмани на член 13, за бришење на став 1 и за менување на ставовите 2 и 3, член 16 за додавање нов став 4 по ставот 3 и на став 4, член 20 за додавање нов став 5 по ставот 4 и на став 5 и на член 71 за менување на ставовите 3 и 6 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 13 за менување на став 1 , поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горги Спасов.

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горѓи Спасов.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 5 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горѓи Спасов.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горги Спасов.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28, став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горѓи Спасов.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 за додавање нов став 2-а, по ставот 2 , поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горѓи Спасов.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 за менување на точка 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горѓи Спасов.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 84 став3, 4, 5 и 6 поднесен од пратеникот Чедомир Кралевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Го повлекувам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 за бришење на ставовите 3 и 6 и на став 4 поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Александар Гештаковски.

Ве молам најдете ги сите амандмани и да ги средите.

Министерот побара пауза од 30 минути.

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 107-та седница по точката шест.

Отворивме претрес по амандманот на член 14 став 1, за бришење на ставовите 3 и 4 и на став 4 , поднесен од пратнеиците Чедомир Кралевски и Александар Гештаковски. Како што знаете, претставникот на Владата не го прифати.

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе го повлекуваме амандманот. Меѓутоа, бидејќи имаме пауза да овозможиме работење на Парламентот, ќе се произнесеме накнадно согласо Деловникот.

Го повлекуваме по согласност со г-динот Чедомир Кралевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 точка 21 поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Александар Гештаковски.

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 71 за бришење на точка 5, став 1, за додавање нов став 3 по ставот 2 и за бришење на ставовите 3, 4 , 5 и 6 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам пертрес по амандманот на член 13, за менување на став 1 поднесен од пратеникот Жарко Караџовски.

Има збор г-динот Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратениците Данило Глогоровски и Валентина Божиновска.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 7, поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Г-дине претседателе, г-дине министре, колеги пратеници,

Амандманот се однесува на членот 6 кој ја регулира професионалноста на пратеничката функција и во осум ставови ги дефинира точно условите каде е неспоива функцијата - пратеник со другите извршни функции и т.н.

Сметам дека ваквиот пристап е премногу ригиден од причина што добар дел на луѓе кои обавуваат професионални работи во доменот на општокултурните дејности , во доменот на спортот, здравството, кои претставуваат своевиден потенцијал на РМ на ваков начин , можеби е претежок зборот да речам се елиминираат, меѓутоа, им се ускратува правото според Уставот на РМ да бираат и да бидат бирани. Затоа мислам дека во ставот 7 на членот 6 треба овој ригитет малку да омекне . Впрочем, и Европското законодавство , кога се однесува на функцијата пратеник и така не постои таков ригиден став да се брани , барањето со основната професија на пратеници. Се согласувам тоа да биде таму каде има конфликт на интереси и дека тоа е неспоиво со политика. Меѓутоа, во доменот на ови неколку струки кои ги набројав, тука нема конфликти и интереси, нема неспоиво со политиката. Мислам дека треба да се дозволи на таквиот интелектуален потенцијал да се дозволи на РМ да се вклучи во политиката, бидејќи тоа е помош на РМ.

Затоа апелирам до колегите пратеници да го прифатат овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандамот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 84 пратеници, за гласале 15, воздржани се осум и против гласале 61 пратеник

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 1 и за додавање три нови става , поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 96-а, по членот 96 поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Го повлекувам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратнеикот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 84 пратеници, за гласале 14, воздржано гласале 18 пратеници, а против гласале 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Александар Талевски поднесе амандмани за менување на член 83 и на член 96 за менување на став 10 , по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандмани на член 2 за бришење на став 1 и за додавање три нови става за додавање нов член 96-а, по членот 96, по кој Владата не се произнела.

Амандманот на член 2 за бришеше на ставот 1 и за додавање на три нови става е во иста содржина со претходно поднесениот амандман на член 2 за додавање на став 1 и за додавање на три нови става, поднесен од пратеникот Амди Бајрам и по него нема да водиме претрес, бидејќи го повлече.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандмани на член 2 за додавање два нови става по ставот 1 , член 37 за додавање нов став 3 по ставот 2 на член 63 и на член 64 став 1.

Пратеникот Миланчо Черкезов поднесе амандман на член 43 за додавање нов став 4 по ставот 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Горѓи Тодоров поднесе амандмани на член 12 став 3 член 13 став 2 и на член 71 став 5 и истите ги повлече.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандмани на член 12 став 3 член 13 став 1 за менување на ставовите 2 и 3 и на член 71 став 3 и 5 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџовски поднесе амандман на член 126 за додаваше нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на член 9 6 за додавање два нови става по ставот 8, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Миланчо Черкезов поднесе амандман за додавање нов член 84-а, по членот 84 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Миланчо Черкезов поднесе амандман на член 99 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандман на член 36 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Столе Попов поднесоа амандмани на член 13 за бришење на ставовите 2, 3,5 и 6 на член 17 за бришење на ставовите 2, 3, 5 и 6 и за бришење на член 19 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Талевски поднесе амандман на членот 8 4 ставови 3, 4, 5 и 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџовски поднесе амандмани на член 15 став 1 и 3 , член 71 став 1 за бришење на точка 5 член 125 став 1 и 3 и на член 126 за додавање

нов став 5 по ставот 4, по кои Владата не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 83, поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 78 пратеници, за гласале 2 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници и против гласале 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 6 за менување на став 10 поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 87 пратеници, за гласал 1 пратник, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 96-а, по членот 96 поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амаднанот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 82 пратеници, за гласале 11 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање два нови става по ставот 1, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ристо Спанаков.

**РИСТО САПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувнаи членови на Владата , почитувани пратеници,

Овој амандман го поднесувам согласно уставните промени направени според Рамковниот договор во Охрид, а се предлага поради фактот дека со предложениот изборен модел , тоа е пропорционален изборен модел со шест изборни единици, со законот за избор на пратеници во Собранието на РМ се оневозможува соодветна и правична застапеност на граѓаните од сите заедници на РМ како орган на државната власт, тоа е амандманот 6 од уставните промени, како и поради фактот дека застапеноста на граѓаните во Собранието на РМ се обезбедува преку избирачко право кое се остварува на слободни избори , член 22 од Уставот на РМ, нормирано со Законот за избор на пратеници.

Со овој амандман се обезбедува законски механизам за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припагаат на сите заедници во РМ во органите на државната власт, како и другите јавни институции на сите нивоа што е гарантирано со амандманот 6 од Уставот на РМ како пра-во на граѓаните и обврска на Собранието на РМ со закон да го пропише начинот на неговото остварување.

Ќе ви прочитам што всушнот , содржи овој амандман,

**РИСТО СПАНАКОВ:** (продолжение)

Во членот 2, по ставот 1 се додаваат два нови става.

Ставот 2 е, 108 пратеници се избираат од редот на кандидатите на политичките партии на мнозинските заедници, македонската и албанската и тоа според пропорционален модел во шест изборни единици утврдени со закон.

Став 3, 12 пратеници се избираат од редот на политичките партии на граѓаните кои припаѓаат на малцинските заедници, а тоа се турците, србите, ромите, власите и бошњаците, според пропорционалниот моедл во РМ, како една изборна единица.

Со ова се овозможува соодветна и правична застапеност, согласно направените уставни промени, според Рамковниот договор.

Ги молам пратениците, потписниците да го прифатат овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот што е поднесен од пратеникот Ристо Спанаков, во врска со начинот на избор на пратеници, всушност не само што ги покренува прашањата што г. Спанаков, ги покрена овде туку навлегува во изборниот модел и менува некои од основните принципи на изборниот модел, кој се зацртани.

Второ, предлагачот на амандманот, и покрај добрата волја, во амандманот кој е предложен не успеал да го реши проблемот на двојно избирачко право на дел од граѓаните во РМ, кој имплицитно во амандманот е завртан, а со други одредби од законот, ниту со негови амандмани до крај не е спроведено.

Инаку јас мислам дека овој амандман е интересен и заслужува должна почит. Меѓутоа, кога веќе пратеникот Спанаков навлегол во проценти, тогаш нужно е да објасни од каде дошол до пропорциите 108: 12, зошто не 110:10 или 100:20, на пример. Мислам дека проценката му е паушална и дека во најмала рака размислувал, не врз основа на некаква аргументација, туку врз основа на здраво разумско рассудување, како би било најдобро да биде.

Второ, би сакал да истакнам мое мислење дека во новиот член 2, како што би изгледал со овој амандман, во ставот 2 кој се додава, стојат одредби кои се противуставни, во овој момент и кои мислам предлгачот ги немал предвид или можеби погрешно ги толкувал, па така напишал дека 108 пратеници се избираат од редот на кандидатите на политички партии на мнозинските заедници.

Прво, во РМ не постојат политички партии на мнозински заедници, затоа што партиите во регистарот се политички партии, таму нема назнака кои се мнозински а кои се малцински.

Второ, во РМ, согласно Уставот на РМ не постојат, г. Спанаков, мнозински заедници туку постои мнозинска заедница, а во дополнувањето на амандманот пишува политички партии на мнозински заедници, македонска и албанска, што може да се стекне впечаток дека предлагачот, наспорти Уставот сугерира во овој закон да воведеме дека во Македонија постојат две мнозински заедници, македонска и албанска и други малцински заедници, кои ги набројал, туцри, срби, власи, роми и бошњаци.

Со оглед на тоа што согласно Уставот на РМ, албанската заедница спаѓа во доменот на малцинските заедници, како што е толкувано во овој член, а не во доменот на мнозинските заедници, а имајќи го предвид и тоа што претходно го зборував во врска со техничките аспекти на овој амандман, му предлгам на г. Ристо Спанаков, да го повлече затоа што ќе направи серија од грешки, до колку инсистира овој амандман да се прифати од разни причини.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Му благодарам на колегата Поповски што се потрудил да го анализира амандманот. Паушално нема ништо посебно како е дојдено до овој број од 108:12 затоа што другите заедници во РМ, бројат некаде околу 10%. Тоа се некаде околу 250 до 300 илјади луѓе. Согласно тоа, земајќи го процентот од 120 пратеници, 10%, тоа се 12 пратеници. Тоа е одговорот на првото прашање.

Во вториот дел, точно е дека во Уставот на РМ, нема веќе граѓански термини туку имате национални термини, а тоа се термините на етнички заедници кои се третираат по тој основ, како што се напиШани во Уставот, а тоа се етнички заедници на македонци, албанци кои претставуваат 20% и други етнички заедници. Сега бидејќи се работи за сегментот соодветна и правична застапеност во сите органи на државната упреава, дали тоа значи дека според овој изборен модел ние всушност даваме можност само на македонцит9 и албанците да имаат претставници во Собранието, или ќе им дадеме можност и на другите кои според направениот договор помеѓу четирите политички партии, потписнички на Рамковниот договор од Охрид, други етнички заедници кои припаѓаат во РМ,

а кои се третираат на национален принцип. За жал морам да кажам дека очигледно или не сакаме да видиме дека во РМ има се повеќе формирање на политички партии на национална основа, а сето тоа пак произлегува од уставнит9 промени кои се направени, затоа што уставните промени направени според Охридскиот договор, всушност немаат ништо граѓанско во себе, туку одат на чиста национална припадност. Тоа е мојот одговор на прашањето на г. Никола Поповски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Насе Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека расправата по однос на овој амандман се води непринципиелно и повеќе се прави од побуди да се привлекува вниманието на гласачи кои во неможност да се изјаснат за свои кандидати тогаш би се пренасочувале на начин на кој би создале мнозинство или добар дел на гласови на контото на партијата. Непринципиелно е од две причини:

Најпрвин бараме во РМ да се групираат граѓаните во една етничка заедица која е во мнозинство, која се сака да се извлече од ставот на Уставот, а притоа, кога се бара претставување на заедниците кои не се во мнозинство, тогаш албанската таму ја нема. Значи од икс причини албанците не се сметаат во заедницата мнозинска, или мнозински заедници, но исто така не се смета ни во заедниците кои се во малцинство. Тогаш со право ние албанците тука ќе го поставиме прашањето, добро каде сме ние и што сме, според овие критериуми со кои се толкува и Уставот и се поднесува амандмани. Доколку така се пристапи, тогаш мора да има еднаков критериум кој ќе важи за сите, а критериумот би бил, или албанците ќе се сметаат за мнозинска заедница, која всушност по македонците и се, или треба да се третираат на начин на кој амандманот претендира да ги решава проблемите на другите, што воопшто не е спорно и ние го поддржуваме, но не може двојни аршини да важат за исто прашање. Затоа мислам или амандманот да се доработи и да се усогласи со намерата која се извлекува од определбите на Уставот, дека сите заедници ќе имаат соодветна застапеност, не во органите на Државната управа затоа што, всушност Собранието не е орган на државната управа, туку е претставничко тело и законодавен орган. Но ако таа дикција се сака да се следи и во Собранието, тогаш соодветните параметри и критериуми да важат за сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, јас уШте еднаш би се јавил за дискусија.

Го почитувам излагањето на г. Зибери кој очигледно сфатил дека со овој предлог се сака да се наметне нешто што всушност има длабоки корени во она што го реков пред малку, а тоа се уставните промени. Според тие уставни промени, каде што уште еднаш ќе повторам дека нема ништо граѓанско затоа што во тие уставни промени, направени така како што се направени, се воведуваат термини кои се на национална основа, нема никаква граѓанска основа во тие термини.

Терминот етничка заедница сам по себе укажува на тоа дека се работи за национални заедници. Сега процентот на учество на националните заедници, заедниците на народите кои ги признавме во РМ како малцински народи а тоа се турците, србите, власите, ромите и бошњаците, што во проценти изразено се помалку од 20% и според овој изборен модел што сега се предлага не можат ниту по еден основа, врз основа на сопственото политичко учество, да добијат претставници во Собранието на РМ, а од потреба истите да бидат застапено соодветно и правично, затоа што имаме такви уставни амандмани, уставниот амандман VI кој налага соодветна и првична застапеност на етничките заедници во општествениот и политичкиот живот во РМ. Сметам дека со ваквите излагања другите заедници од типот на власи, турци и роми, бошњаци и срби, дефакто и не се признаваат како етнички заедници што имаат право да учествуваат соодветно и правично во законодавната и извршната власт во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Месрал Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас ќе го замолам предлагачот да го повлече овој амандман затоа што тие работи не можат да се решаваат на ваков начин. Мислам дека амандманот е доста конфузен и тешко дека ќе може да се извлече нешто што е целта на предлгачот, од оваа конструкција тука, како што е предложено во амандманот. Затоа сметам

дека треба да се повлече амандманот. Тоа прашање инаку се решава на подруг начин, со еден политички консензус меѓу релевантни политички структури и тоа може да се направи како една изборна единица која ќе важи само за партиите од етничките заедници, практично за ромите, турците, власите, србите и тн. Меѓутоа тоа не е направено. Сега останува единствената алтернатива, другите политички партии кои сметаат дека имаат интерес од тоа можат да постават кандидат од таа етничка заедница. Тоа што тука се предлага да оди како посебно, мислам дека е тотална конфузија. Ние не можеме да се повикуваме на определбата од Уставот, за национални заедници. Ние имаме федерални држави врз национална основа, па не се повикуваат на вакви определби. Ние имаме на пример една Белгија која исто така етнички е конструирана, меѓутоа се гласа граѓански, не се гласа така како што се предлага од страна на предлгачот.

Јас го молам предлагачот да го повлече амандманот и да не расправаме по него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Колку повеќе предлагачот на овој амандман го објаснува амандманот зошто е поднесен, се повеќе стануваат јасни две работи. Прво дека амандманот е поднесен од додворувачки причини кон одредени заедници во Македонија, со цел да се јави како нивни заштитник. И второ, колку повеќе сака да ги заштитува, толку повеќе се претвара во егзекутор на нивната незастапеност во Парламентот. Затоа сакам да дискутирам за да го соочам и Парламентот и предлагачот, со фактот дека не може, заради една дискусија од пет минути во која некој ќе ни објасни на 119 пратеници дека води грижа по амандманот, турците, ромите, власите, србите и бошњаците, да не доведе нас 119 пратеници во ситуација дека ние не водиме грижа за нив, па еве тој еден, со амандманот, меѓутоа, видете, амандманот не може да се протне во Парламентот.

Сега јас го повикувам повторно предлгачот, со цел да ја прекинеме оваа трка, фалшлива, противуставна и во основа не ефикасна трка по поени, во сите други амандмани.

Прво, го повкувам повторно предлагачот, со оглед на тоа што тој кажа која била логиката, да објасни врз основа на што ни соопштува дека во Македонија има две мнозински заедници и тоа поименично, македонска и албанска, во амандман кој тој упорно мисли дека треба да го гласаме, а тоа во амандманот го соопштува писмено.

Второ, кога веќе ни соопшти дека пресметал, 10% од популацијта е од останатите 4-5 заедници и врз основа на тоа 10% од Парламентот треба да им припадне на нив, го прашувам зошто не го направил истото и со албанскиот популационен процент во РМ, па нека пресмета 20% и во гласачкото тело, веројатно заради младоста на популацијта, 21 %, па нека пресмета 21% на 120 и нив нека ги определи и нека продолжи така за сите. Значи повторно прави непринципиелни исклучоци заради додворувачки причини.

Понатаму, кога веќе безицирал на една пропорционална листа пет заедници кои ќе се избираат на една изборна единица во цела Република, тоа значи дека од една изборна единица со 12 кандидати, за да добиете еден кандидат на вас ви треба минимум 9 до 10% гласови за на таа листа да влезете со еден пратеник од 12.

Јас отворено го прашувам, врз основа на што гарантира на ромите, бошњаците, србите, ромите, дека ќе добијат 10% на таа листа, па сигурно ќе влезат. Може да се случи една доминантна заедница од овие пет, заради одзивот, заради распорденоста и заради посветеноста да гласа само на партија која не постои во регистерот, како етничка партија зацртана, да ги добие од 12, 10 места, па да направи друг дебаланс, затоа што не е можно во овој закон на таков начин да се извлече ситуација во која ќе се прави математичка распределба на тоа на што не е можно да се прави математичка распределба.

Јас ве уверувам г. пратеници, ве уверувам и вас г. Спанаков дека вашиот амандман е целосно апсурден, дека е целосно противуставен и дека логиката што сака да ја претстави, не постои. Затоа повлечете го, за да ги заштитите токму оние кои сакате наводно да ги инволвирате во Парламентот, а практично на ваков начин ги исклучувате од секаква политичка активнот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сакам да кажам дека ќе гласам против еден ваков амандман од причина што сум згрозен од еден македонец кој придонесе да има уставни промени во РМ, кога видовме зад тие уставни промени што се крие, кои се целите и понатаму да се дели македонското ткиво и македонските граѓани, да се нема сенс на единство и интегрирање на сите граѓани во една македонска нација а тоа го кажував неколку пати дека 19-от век беше век на формирање на нации. Ние сме еве во 21-от век а се уште не сме свесни дека треба да ја формираме македонската нација каде сите граѓани ќе бидат рамноправни како на политички така и на економски план. Место да бидеме единствени да можеме да се осврнеме на економскиот прогрес, градење на една економска политика каде што подобро ќе живеат сите во Македонија, без оглед кој како се чувствува по етничка припадност. Сакам да кажам дека и во Америка каде што имаме над 250 милиони граѓани, 25 милиони имаме Шпанци, а таму немаме политички партии и групирање по етничка основа. На секого во Америка му е чест да се нарече Американец, Ние се уште овде не сме свесни дека нашето единство и нашето опстојување е само во изградбата на македонската нација. Доколку се делиме по етнички основи и заедници, Македонија се дезинтегрира, Македонија се федерализира и и престои опасност на Македонија да се распрадне, да не постои како држава. Се уште не можам да сфатам, одредени наши колеги македонци дека тој сенс на државотворност го немаат изострено. Протестирам против еден ваков амандман и барам да го повлече.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Прво да му одговорам на г. Тодоров кој ме нападна со тоа што ме нападна, но да му кажам дека јас воопшто не гласав за уставните промени според Рамковниот договор од Охрид. Јас дури и поднесов барање за свикување на референдум, народот да се изјасни дали ги прифаќа тие уставни промени или не, и тоа во делот само на уставните промени.

Сега би се потрудил да му одоговорам на г. Никола Поповски.

Јас г. Поповски немам намера на никого да му се додворувам. Овој амандман не го напишав јас, го напишавте вие, потписниците на Рамковниот договор од Охрид.

**РИСТО СПАНАКОВ**.-(продолжение)

Со тоа што прифативте во Република Македонија според Уставот термини: етнички заедници,. Тоа се термини кои што не носат ништо граѓанско во себе. И кога зборував тука за уставните промени, токму во тој сегмент обрнав внимание, дека овие уставни промени што се направени и од кои што сега произлегуваат сите овие нелогичности кои што всушност и стојат во амандманот, јас се согласувам со вас, стојат како нелогичности, но тие нелогичности се одраз на тоа што вие го донесовте како Рамковен договор во Охрид со уставните промени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Никола Поповски бара реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине Спанаков не би сакал да ја пренасочиме дискусијата, меѓутоа мислам дека повторно се обидувате свесно да манипулирате со сите нас дека сме го свеле Уставот, тие што сме гласале за уставните промени на категорија на етнички заедници. Само да ве известам дека во тој претходниот Устав ако така го сметате иако е тој Устав истиот Устав, наместо терминот етнички заедници пишуваше термин националности. И сите права кои сега ги имаат етничките заедници како што вие кажувате, ги имаа истите врз таа основа, само што имаше поим националност. Па пишуваШе: националностите се со Устав загарантирани, дека можат да имаат свое образование, свое политичко претставување и т.н. на база на националност како категорија која постоеше во тој Устав. Сега таа категорија е заменета со зборот заедница, а не националност. Инаку ако мислите дека во некоја држава ничие право не произлегува заради етничката припадност, грешите. И во претходните и во старите и во сегашните и во новите демократии и устави правото на политичко претставување, учество, образование, култура и т.н. произлегуваат од етничката припадност. Дали таа ќе се нарече малцинство, или заедница тоа е сеедно. Вие сега го критикувате Уставот дека наводно ја довел Македонија во ситуација на заедници. Тие права постоеја

и претходно како права на националностите. И во претходниот Устав на РМ националностите беа споменати во преамбулата на која вие се повикувате и пишуваше: Макеоднија е држава и на турци, роми, власи, срби и други национаности. Сега пишува заедници. Зошто во претходните изборни закони не не уверувавте дека требало да се направат такви интервенции. Значи, тие права не се нови, само терминот е нов. И апсолутно одбивам да учествувам понатаму во ваква расправа во која мислам дека нема аргументација, туку дека има чиста пропаганда насочена наспроти 119 пратеници од страна на некој поединец кој поднел амандман со цел да се издвои од купт, а за кој апсолутно нема никаква аргументација да соопшти дека е тоа така. Напротив, и понатаму инсистира да ги дозакопува правата на некои во лоша смисла.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не постои теоретска можност еден , друг да убеди и треба да се ограничиме во своите објаснвуања.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, јас ќе бидам многу краток. Ќе кажам само накратко дека термините сега употребени како етнички заедници не е исто со она што беше порано. Да не се разубедуваме за тоа , немам намера по ттоа да се разубедувам. Имаше многу по елегантни начини тоа да се направи г-дине Поповски и таквите предлози кои што беа во тој правец ние ги предложивме како амандмани на уставните промени кои што беа направени. Тогаш не беа прифатени, затоа што кога ги образлагавме тие, рековме дека перспективно веројатно ќе се појават проблеми затоа што термините од тој тип всушност не носат ништо добро на оваа држава, не носат ништо граѓанско во себе. Затоа предлагавме соодветни термини кои што сега воопшто немаше да ни претставуваат проблем за разговор за дискусија.Мене ми пречи тоа што и мнозинскиот народ во една таква држава сега го ставивте во терминот на етничка заедница.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине Спанаков, извинете што ќе ви се обратам лично, мислам дека го преминавте етичкиот лимит. Ги обвинувате пратениците кои гласале за Уставот и мене лично во тој смисол, дека го избришале мнозинскиот народ и го свеле на мнозинска заедница и т.н. А токму амандманот за кој сега ние со вас се расправаме напишан од ваша рака и поднесен до ова Собрание ги воведува термините мнозинските заедници, македонската и албанската. Значи прво, импутирате на другите тоа што не е напишано во Уставот, а второ, тоа што вие ни го пишувате поради што дебатираме петнаесет минути да се повлечете од формулацијата мнозински заедници, македонска и албанска, затоа што ниту по Уставот ниту во стварноста не се во етничка смисла рамноправни, само во граѓанска смисла се рамноправни. Вие тоа го заборавате. И затоа ве молам извлекувајки се од ситуациата во која западнавте , наместо да ги послушате сите кои ве советуваме да го повлечете амандманот и да не зацапувате се' повеќе во калта, вие сега сакате да зацапата во калта така што ќе ги вовлечете другите во лажна кал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ви укажувам ние имаме постапка. Расправа е една работа. Ќе одлучиме со гласањето, ако не го повлече амандманот, не го повлекол, тоа е негов проблем.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

И уште една кратка реплика. Јас воопшто немам намера д аполимизирам понатаму со г-динот Поповски околу термините кои што се употребени. Сакам само да укажам на апсурдноста на она што е направено во Република Македонија, на она што е донесено како сега ќе се рефлектира понатаму во сите делови и сфери на нашиот живот понатаму.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, јас ќе се јавам после гласањето по овој амандман.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници, г-диот Спанаков предложи амандман. Амандманот кој го предложи има логика, но и покрај тоа што има логика нема основа , односно нема никаква законска основа. Бидејки со Рамковниот договор Македонија веќе го губи граѓанското пораво како држава и веќе таа припаѓа сега на заедници. Македонија е држава на етнички заедници, не само со Рамковниот договор, туку и пред тоа во Македонија постоеја еден вид малцинства, но беа со друг назив , во овој момент не можам да се сетам за називот.

Националности. Од 1990 година од осамостојувањето Макеоднија ја пропушти шансата да се дефинира во национална држава. Заради тоа ќе кажам и еден пример. Бидејки беше спомната Данска, јас ќе ја земам за пример Словенија држава во која живеевме заедно. Малцинствата во Словенија имаат свои претставници, ова што го предлага и г-динот Спанаков. Заедниците: Турците, Власите, Бошњаците и Србите нема кој да ги брани . Но, тоа требаше во 1990 година. Со осамостојувањето на Словенија малцинствата со Закон имаа право зависно од нивниот број, процент да предлагаат во Собранието по еден, или двајца претставници. За жал ние таа шанса ја прокоцкавме и сега мораме да ја играме играта за која веќе самите ги напишавме и правилата. И затоа нема да гласам од тие причини за овој амандман.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, почитуван г-дине министре, денеска јас два, три амандмани ги повлеков во интерес на Собранието, во интерес на макеоднскиот народ, во интерес на македонската држава. Јас имам шест амандмани, не би сакал сега да дискутирам околу амандманите, туку имам реплика околу излагањето на Никола Поповски и излагањето на Вангел Симев. Сакам да ви укажам дека се чувствувам многу навреден како Ром, кој сум во Уставот од почетокот на Република Македонија признат како националност, како рамноправен граѓанин , како сите националности кои што постојат и народи овде во РМ и не дозволувам овде во Парламентот, затоа што Ромите имаат свој застапник во Парламентот. Три мандата овде има роми во Парламентот и не би дозволил апсолутно и не дозволувам пред целата македонска јавност и пред сите некој овде да ја навредува националноста, или народ. Ова е многу сериозна работа. Некого ако го боли дека Македонија дошла во ваква ситуација и треба само македонски народ и не би требало никој освен македонскиот народ да основа партија во оваа држава, или во Шпанија да основа , или каде што е роден. Ќе ве молам за тишина. Затоа што Парламентот не е циркус, ако мислат дека е циркус Парламентот нека го створат во циркус овде, ама ќе ги видам на избори сите. Г-дине претседателе, јас овде во овој Парамент се осеќам многу навреден како Ром, како признат во Уставот , затоа што ние од почеток овде сме признати во остварување на Република Македонија. Вие сте претседател од почетокот и знаете многу убаво, ние ромите сме националност од времето и сега некој овде во оваа држава каде што живееме рамноправно сите заедно некој да го ускрати нашето право и да каже да немаме право ние да основаме партија, мислам дека тоа е многу навредливо. Оваа држава не е само на еден народ туку тука живеат многу националности: Бошњаци, Роми, Срби и други кои со Уставот се признати и други кои не се признати. Јас ќе ве молам, до Вас г-дине претседателе и до сите пратеници да не се навредува овде. И кога се спомнуваат, двајца овде многу погрешија. Ако почнувате да ги спомнувате националностите, намерно г-динот Никола Поповски и г-динот Вангел Симев не ги спомна ромите. Два пати, во две, три излагања не ги спомнуваат ромите. Ако мислите да именувате , именвуајте се што е во Уставот. Би требало да се именува се што има во Уставот. Ако не, кажете: националност, или заедници. А роми не спомнувате. Со тоа јас се чуствувам навреден . И до колку уште еднаш некој не ги спомне националносттие како Роми, Турци, Власи, Срби и Бошњаци кои ги има и во Уставот по Рамковниот договор, јас демонстративно ќе го напуштам овој Парламент и нормално ќе барам час увреда, ќе ги тужам што го злоупотребуваат Уставот на Република Македонија како пратеници. Јас мислам многу фино би било културно и умесно да се постапува тука.

СТОЈАН АНДОВ:

Без демонстрации. Демонстративно ќе го напуштиш, демонстративно ќе се вратиш.

**ЃОРГИ ТОТОРОВ:**

Почитуван претседателе, сакам да кажам како ќе гласам по амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте да го заклучиме претресот.

**ЃОРЃИ ТОТОРОВ:**

Овде беше кажано дека предложиле референдум кога беа уставните амандмани. Г-динот Спанаков во одбрана кон моето излагање. Сакам да кажам дека референдумот беше чиста политичка фарса, затоа што беше тоа време ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние немаме расправа за референдумот.

**ЃОРЃИ ТОТОРОВ:**

Јас реплицирам по амандманот на г-динот Спанаков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде се расправа за амандманот.

**ЃОРЃИ ТОТОРОВ:**

Во контекс на амандманот.

Јас имав излагање во врска со тоа како ќе гласам по амандманот поднесен од страна на господинот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, кога ќе го заклучиме претресот, секој може да каже како ќе гласа.

**ЃОРГИ ТОТОРОВ:**

Јас имав дискусија по амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие дискутиравте по амандманот.

**ЃОРЃИ ТОТОРОВ:**

Сега имам реплика на неговата дискусија. Барав реплика.

Сакам да кажам при моето излагање вов рска со амандманот поднесен од страна на г-динот Ристо Спанаков рече дека тие тоа време поднеле референдум и дека тој не гласал за уставните промени. Сакам да кажам дека референдум во тоа време беше чиста политичка фарса, бидејки беше поднесен со задоцнување кога веќе Рамковниот договор беше при крај околу промената на Уставот. Сакам да кажам и тоа во оваа прилика дека ВМРО-Македонска со преземањето на власта на наредните избори ќе ги враќа уставните промени кои што овој Парламент ги донесе и ќе направи нови уставни измени во насока на формирање на македонска нација каде што Македонија ќе може да биде рамноправен и политички и државен субјект во светот и ќе може да биде примена во Обединетите нации како македонска нација под своето државно име.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателв, почитувани колеги во врска со амандманот на г-динот Спанаков се отвори широка расправа. Јас сум свесен, Меѓутоа воедно треба да ве замолам и вас колеги ако сакаме да бидеме принципиелни до крај, а принципиеноста се заснива во тоа што ние како политички партии и како национални заедници кои сме бројчано оболени заедници некако имаме обврска и уставна нека биде, па и морална да им овозможиме на тие национални заедници во овој случај турците, ромите, бошњаците, србите и власите да имаат нивни претставници тука. Ако веќе е така можеби со овој амандман не е погоден или текстот, или начинот како е поставен, но има начин , има луѓе кои знаат и можат да направат амандман кој навистина ќе овозможи реално отсликување односно реално претставување на овие заддници во овој Парламент со нивните претставници.

И кога сме тука мислам двка поголемите партии, дури и кога расправаа на ниво на стручност со нивни претставници требаше оваа работа уште тогаш можеби да ја завршат. Но, во принцип сакам уште еднаш да повторам дека не треба да св вратиме во многу толкувања во Уставот затоа што ако бевме до крај флексибилни во тоа и во преамбулата и во самиот Устав да се набројат како заедници, односно како национални заедници, тогаш веќе мислам дека треба овој амандман да се повлече. Имаме и други амандмани. Да се направи квалитетен амандман кој навистина овозможува и нивно претставување во Парламентот. Тоа е нивната интенција. Ако е така, тогаш мислам дека би трдбало тука да продолжиме и принципиелно и со таа флексибилност.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)**

Затоа што секое оправдување односно образложение дека можат да се приклучат кон некоја партија за да можат да имаат нивен претставник, мислам дека тоа на крајот на краиштата тоа ќе го направат, меѓутоа, секоја национална заедница си има свои специфики и тие специфичности, карактеристики мислам на етнички, најдобро можат да ги претстават нивните претставници.

Јас сум за тоа да се повлече овој амандман и да се направи амандман кој навистина и како содржина и како текст ќе овозможи за нив-но претставување во Парламентот односно да можат во законот да имаат шанса да имаат нивни претставници.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, за мене е многу приватна оваа дискусија, ќе имаме многу слични вакви

дискусии затоа што од формирањето на самостојна држава Република Македонија дозволивме да се формираат еднонационални партии. Претставниците од малите заедници учествуваа, партиципираа во политичкиот живот во Македонија преку нивни претставници во големите партии, но тие до сега служеа само за обезбедување на гласови на одредени партии, а по добивањето на позициите не ги чувствуваа благодетите на власта. Такви случаеви имаме во последните 10 години и од таму ни се случува секоја заедница во Македонија да си формира своја партија. Ние веројатно, како што СДСМ го направи Уставот ќе имаме уште делења во Македонија. Не е дека некој треба да се додворува на некои заедници, нема потреба од додворување, туку треба еднаш да ја видиме правата вистина и да биде правата слика во Републиката и отворено да зборуваме без некои јазични варијации дефакто е така како што мојот колега Спанаков го кажа, а ние можеме вербално да се убедуваме секако немало националности, но немало двојазичност, сега има различни работи. Секогаш зборуваме за две заедници во Македонија,а другите помали заедници да ги наречам немаат никаква можност и јас мислам дека ад хок не треба да се одбие ваков амандман, туку треба да се доработи,ако не е прифатлив, да се доработи и на тие заедници во Македонија да имаат право да си го искажат својот глас во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се извинувам почитуван претседателе, но морав да излезам на говорница затоа што позади многу се зборува и тоа свесно и ме деконцентрираат што навистина не можам да го кажам она што го мислам.

Господинот Амди Бајрам погрешно ме сфати. Јас се извинувам на сите роми затоа што ромите се најлојалното малцинство во Македонија и тие заслужуваат многу поголемо влијание од она што го имаат во Македонија. Јас кажав само за ромите кои немаат свој претставник затоа не ги спомнав.Ромите имаат свој претставник во Собранието господинот Амди Бајрам. Јас се извинувам на ромите, но вам не можам да ви се извинам затоа што не ме сфативте. Немаат србите свој претставник, немаат бошњаците, турците, но добро се извинувам за бошњаците но господинот влезе под друг клуч не влезе како Бошњак. Турците немаат свој претставник, немаат србите и тие се оштетени, нема кој да ги брани интересите во ова Собрание.

Од тие причини таа шанса многу одамна ја прокоцкавме и дозволивме да се формираат партии по етничка основа. Сега е многу доцна госпада и од тие причини само колку да ве потсетам, да знаете дека во 1990 година беше за формирање на национална држава Република Маке-донија, но не ја искористивме таа шанса. Словенија има малцинства, малцинствата имаат само еден до двајца претставници. Кога во Собранието би имало само двајца албанци пратеници, тогаш би имало еден ром, еден србин и еден бошњак тогаш да, но во овој случај се е доцна господине Амди.

Вие господине Спанаков доцните. Логика има, но нема законска основа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот АмдиБајрам има збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Да му кажам на господинот што до сега беше на говорницата дека ромите во Македонија не се малцинство, ромите беа националност, а сега се народ. Тука е една голема грешка. И јас сум навреден не само ромскиот народ, јас сум нивниот претставник.

Друго, за основање на партии ние од заедниците не сме виновни, кога се создавала Република Македонија,кога се правел Уставот дали требало да има партии или не тој што трпел до крај ќе трпи. Рамковниот договор е направен, изгласан и мислам дека тука треба да се поддржуваме сите рамноправно да учествуваме во овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Климовски има збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Гледам како се вжештуваме по ова прашање и јас размислувам дали постои правна основа да се изнајде решение во една ситуација која ни е зададена. Ние формално имаме граѓанско општество, граѓански Устав, фактички со уставните промени внесовме елементи на делови од народ, не дека ги викаме малцински заедници и тн., мислам дека со сета сериозност треба да се приѝде на ова прашање.

Најпрвин дали имаме право на основа? Правната основа постои. По нашиот Устав постои бројка на пратеници во ова Собрание да се движи од 120 до 140 што значи дека ништо нема да сенаруши од

бројката 120 ако се размисли како во другите држави му пришле на ова прашање и како овозможиле и тие делови на народи, малцински и како сакате крстете ги, како тие ги викаат сосема е различно, но во суштина е исто, ка-ко тие нашле свои претставници во Парламентот. Затоа е можеби добро да се размислува во насока било во овој закон, било во посебен закон каде целата Република би претставувала една единствена изборна единица и каде би се нашло начин, постои начин и има можност тоа да се направи, има искуства, нема ниеда измислуваме, да можат да бидат заста-пени претставниците на малцинските заедници.

Во таа смисла јас упатувам само предлог до предлагачот да го има ова во предвид, не чини ништо со сила и набрзина да се направи, а состојбата ни е таква што мораме тоа да го почитуваме. Независно од тоа дали некој ќе гласа по два пати, нека гласаат и по два пати, нека се наруши принципот на рамноправност, но истовремено во основа да не се нарушат уставниот принцип на нивна застапеност овде во ова Собра-ние. Има можност да се реши ова прашање и јас сум за тоа така да не се отфрла едноставно, туку можеби со заклучок на Собранието да се задолжи предлагачот да најде соодветно решение до изборите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали имаме друг за дискусија? (Нема). Го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да минеме на гласање господинот Ѓорѓи Тодоров сака да каже како ќе гласа.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Сакам да кажам како ќе гласам и зошто ќе гласам така.Ќе гласам против овој амандман поднесен од страна на господинот Спанаков затоа што со овој амандман во практична смисла се промовира нова тер-минологија која го измени Уставот, а знаеме под кои околности. Со оваа терминологија со поделба на граѓаните во Република Македонија на заедници фактички се доби македонското национално ткиво, се дели Македонија и македонските граѓани и од тој аспект не не води кон економски просперитет и економски прогрес.

Сакам да кажам дека се немаше сенс да се интегрира македонскиот граѓанин и македонските граѓани во една македонска нација со што ќе се надминеа сите овие кавги и вакви уставни амандмани кои се денеска на дневен ред.

Овде господинот Спанаков рече дека не гласал за уставните амандмани, а со задоволство ја користи терминологијата од тие уставни промени на заедници што значи дека станува збор за квази кажување дека не гласал за едни вакви амандмани каде што со апетит делува или дејствува со поднесувањето на еден ваков амандман во разнебитување и дробење на македонското ткиво.

Би го замолил во иднина да не се поднесуваат вакви амандмани туку да се има сенс за интегрирање на македонските граѓани и да се предлагаат амандмани каде сите граѓани ќе бидеме интегрирани во една нација како секаде во целиот свет. Нема држава каде што е чиста етнички поставена. Кажете ми каде има држава во светот каде по етникум е чис-та. Нема никаде. Сите се формирани на база на нација шпанска нација, американска нација, германска нација, словенска нација, па зошто ние не го следиме тој пример. Треба да формираме македонска нација и да ги интегрираме граѓаните, а не да ги делиме. Со интегрирање на граѓаните престануваме да се делиме и да се караме кој како се вика. Треба да мислиме на економијата, треба да мислиме на економскиот просперитет, на економската придобивка на сите граѓани. Сите граѓани во Република Македонија го заслужуваат тоа и имаат право да живеат подобро отколку денеска. Тие не гласаа за нас да правиме фингирани војни и да правиме иселуваше на луѓето, туку гласаа за нас за подобро утре, а што им донесовме? Несигурна иднина, несигурно утре. Мислам дека на наредните избори ќе знаат за кого ќе го дадат гласот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Спанаков, но само ако го повлекувате немаме расправа. Не можете никому да му објаснувате.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Немам намера никому да објаснувам почитуван претседателе, но согледувајќи ги дискусиите на колегите пратеници и сакајќи да го подобрам текстот на предложениот амандман, го повлекувам овој амандман, а во исто време ќе биде направен друг амандман кој ќе биде доставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Одиме понатаму. Господинот Черкезов процедурална забелешка.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, сакам да искажам

протест и кон вас господине претседателе, бидејќи ја свикавте денешната Сто седма седница на која се поместени повеќе закони кои произлегуваат од Рамковниот договор. Со оглед на тоа што на последните неколку пресови јасно и гласно кажавте дека нема да свикате продолжување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исклучете го господинот Черкезов, јас знам што сум кажал.

Исклучете го.

Отворам претрес по амандманот на член 37 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

78 пратеници гласаа, за гласаа 7 пратеници, воздржано гласаа 18 пратеници, против гласаа 53 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 63, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 75 пратеници, за гласаа 7 пратеници, воздржано гласаа 13 пратеници, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 83 пратеника, за гласале 7 пратеници, воздржано гласаа 17 пратеници, против гласале 59 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 43 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници,

Останува мојот протест иако ме исклучивте, сега ќе зборувам

по амандманот, немате право процедурално да ме исклучите, тоа е ваше право....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте ве молам јас знам што е процедурално. Зборувајте за амандманот.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Јас сум пратеник и претставувам 20 илјади граѓани и имаат право на оваа седница да го кажат својот став за оние граѓани кои се во другата просторија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ќе ви го одземам зборот. Имате збор по амандманот.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Ваше право е да се однесувате така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ситни ефтини трикови нема овде, нема потреба.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Не се тоа трикови, последните збиднувања кажуваат дека луѓето се живи...........

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за амандманот.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Овој амандман е поднесен со единствена задача и цел да се изврши допрецизирање и соодветна примена на став 2 од членот 37 каде е ставено дека во предложената листа на кандидати секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:** (продолжение)

Мојот амандман се однесува на тоа дека секој трет кандидат од листата треба да биде од различен пол.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 84 пратеници, од кои 6 за, 28 воздржано, и 50 против.

Констатирам дека Собрнаието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3, поднесен од пратеникот Горѓи Тодоров.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Горги Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Господине претседателе, во член 12 од предложениот закон за изборна пратеници во став 3, каде што се предлага претседателот на Државната изборна комисија и неговиот заменик ги именува претседателот на Република Македонија со мојот амандман кој што се предлага во член 12 став 3, по зборот именуваа претседателот на Република Македонија овие зборови се заменуваат со зборовите: "Собранието на Република Македонија".

Согласно Уставот на Република Македонија претседателот на државата нема такви ингеренции да се меша во изборната политика на државата и мислам дека со овој предлог на закон се прави противуставен прекршок и не држи во еден закон за избор на пратеници да стои претсе-дателот на државата кој фактички е припадник иако формално правно се има откажано од партијата која го предложи, но мислам дека не држи прет-седателот да се меша во изборниот процес во избор на пратеници, бидејќи претседателот на државата има други поважни работи за оваа држава, а не да се меша во изборната политика. Од тој аспект, најдобро ќе биде овој амандман да се прифати, а во кој се предлага Собрнаието на Република Македонија да учествува во креирањето и донесувањето на законите за пратеници во Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некј друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 82 пратеници,од кои 6 за, 8 воздржано и 68 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и за менување на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ѓорѓи Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Со амандманот 2, кој го предлагам, предлагам во членот 13 став 1, по зборовите "од редот на" се додаваат зборовите "сите судии на Врховниот суд на Република Македонија и на Уставниот суд на Република Македонија по пат на влечење на ждрепка."

Во членот 13 ставот 2 се менува и гласи:

"Двајца членови на Државната изборна комисија и нивните заменици се именуваат од редот на сите судии на Врховниот суд на Републик Македонија и на Уставниот суд на Република Македонија по пат на влечење на ждрепка.

Влечењето на ждрепката на предложените кандидати ќе се изврши во Собранието на Република Македонија од страна на пратеници на политичките партии во опозиција[1],' додека за останатите двајца,во ставот 3 се менува и гласи:

"Двајца членови на Државната изборна комисија и нивните заменици се именуваат од редот на сите судии на Врховниот суд на Република Македонија и на Уставниот суд на Република Македонија по пат на влечење на ждрепка. Влечењето на ждрепката на предложените кандидати ќе се изврши во Собранието на Република

Македонија од страна на пратнеици на политичките партии на власт".

Амандманот се предлага заради давање можност да се прошири листата на кандидатите за претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија и за членовите и судиите на Уставниот суд на Република Македонија по пат на влечење на ждрепка. Предложените из-мени се базираат врз искуствата на повеќе западноевропски демократски земји, каде пкго се практикува ваков начин на избор на претседател и заменик претседател на државната изборна комисија и нејзините членови, бидјеќи ниту претседателот, ниту политичките партии имаат политички легитимитет да предлагаат судии од судството за претседател на Државната изборна комисија и неговиот заменик, затоа што за судството рековме дека е третата независна власт. Власта во Репбулика Македонија се дели на законодавна, извршна и судска власт. На овој начин ние како законодавна власт се мешаме во судската власт, каде што партиите предллагаат кој ќе биде судија, претседател на Државната изборна комисија или негов заменик и тоа вели "кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови". Бевме сведоци 1998 година, кога граѓаните ја казнија тогашната власт заради своето неефикасно и недржавно владеење. Сега имаме иста, можам да кажам и полоша состојба од страна на актуелната власт, каде што нејзиниот рејтинг е опаднат во однос на 1998 година, и не може да се повикува на тие резултати, за да каже дека таа има некое право непишано никаде во ниеден акт, ниту во Уставот ниту во законите, но сега се обидуваме тоа да го наметнеме со вооj закон, политичките партии да предлагаат свои кандидати. Тогаш не станува збор за демократија, немаме демократија овде. А зборуваме дека ќе се залага-ме за развојот на демократијата во Република Македонија. Демократијата ќе ја покажеме на тој начин што од постојниот уставен суд и од Врховниот суд сите судии кои припаѓаат таму ќе можат да бидат потенцијални кандидати по пат на влечење ждрепка. Имено, овде во Собранието во плико ќе ги ставиме имињата на сите судии и ќе влечеме па ке видиме кој ќе биде извлечен. Тоа е демократски начин а вака со именување ќе доаѓа до партизација. Значи тоа не е демократија, ние правиме партизација во државата.

Од тој аспект, сакам да укажам дека ова што се случи во РМ, тн. наречените четири политички партии во Македонија треба да одлучува-ат за судбината на овој народ. Велам, рејтингот на една политичка партија дали е голем или мал, не е константна величина, туку променлива во зависност од тоа како ја спроведува власта кога во предизборието ја прогласуваше или промовираше својата изборна програма. Секоја политичка партија кога ја промовира својата изборна програма, едно промовира пред изборите, друго практикува при практицирањето на власта, а народот знае да го каже зборот не. Од тој аспект, сакам да кажам дека рејтингот е променлива и варијабилна величина и не може да биде аргумент овде да се изнесува и на тој начин да се влијае врз формирањето на државната изборна комисија. Ако сакаме да промовираме демократија, а овој парламент го следи целиот свет, Европа и сите останати земји, еве за што се залагаме ние овде. Затоа, ни се спуштаат и се затвораат портите во институциите светски и Европски, каде што сакаме да влеземе.

Од тој аспект, за да промовираме демократија, односно да го практицираме она за што декларативно се искажуваме, колеги пратеници ве молам, поддржете го овој амандман и навистина во практика да почнеме да воведуваме да заживува демократијата во Република Македонија во вистинска смисла на зборот, а не само декларативно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некј друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 82 пратеници,од кои 7 за, 5 воздржано и 70 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 3 и 5, подне-сен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ѓорѓи Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, уште кога беа на дневен ред измените на Уставо тна РМ, рековме дека не станува збор за некакви права туку за нешто друго и во тој

контекст сакам да кажам дека во членот 71 во ставовите 3 и 5 по зборовите "кирилско писмо" се става точка, а зборовите кон крајот на реченицаста се бришат. Значи, се брише: "и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија", бидејќи со воведување на овој процент се дискриминираат останатите граѓани кои не се чувствуваат припадници на некоја си бројка од 20%. Значи ние промовираме дискриминитет, дискриминираме одредени граѓани односно придонесуваме за дробење на македонсмкото ткиво, разделување на место спротивното, интегрираме, како што реков пред малку.

Во ставот 5 на членот 71, после зборовите "кирилско писмо и на јазикот и писмото и на заедницата на која тие и прпаѓаат", сакам да кажам дека видовме пред малку еден потпретседател на една политичка партија да каже дека веќе слободно може да каже дека некои припадници на терористичката оргнаизација ОНА биле нивни граѓани, членови на таа партија и сега се враќаат таму од каде што биле. Со тоа индиректно ка-жува дека постоел тој латентен договор за фингираната војна која ја доживеавме минатата година и од тој аспект не станува збор за некакви права, туку на мала врата се промовира и се оди со тенденција да се изврши федерализација на РМ, бидејќи претседателот на ДПА исто така кажа дека се за длабински реформи во РМ, а под длабински реформи се што може да се крие. Тука, го препознаваме токму тоа, федерализирањето на Македонија и поделбата на РМ, на федерација. Од тој аспект, мислам дека во РМ, официјален службен јазик е македонскито јазик и кирилското писмо и треба да остане во употреба и во овој изборен процес. Не се загрозени никакви права на никого, ниту е дискриминирано со тоа што ќе гласа на македонски јазик и на македонското кирилско писмо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некј друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 80 пратеници,од кои 2 за, 12 воздржано и 66 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 126 за додавање нов став 2 *и* ставот 1, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Пратеникот Жарко Караџоски бара збор.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 96 за додавање два нови става по ставот 8, поднесен од пратнеикот Амди Бајрам.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Предложениот амандман се однесува на заедниците на малцинствата, кои пред малку беа спомнати, на политичките заедници од турците, ромите, власите, и бошњаците. Јас мислам дека изборниот закон за пратеници во Собранието на РМ предвидува шест изборни единици, па апсолутно нема можност да има друг пратеник од овие заедници. Со овој амандман што го предлагам се предлага да има по еден пратеник од тие пет заедници согласно Уставот, што значи рамноправно да учествуваат на изборите. Ова од причина што тешко може од тие четири заедници да биде избран претставник, кога веќе знаеме дека четирите лидери преговарале и не размислувале за тоа дека постојат и други заедници. Во Рамковниот договор тие заедници беа предвидени, постоиме во Уставот, но тие апсолутно не размислиле. Мислат дека само четири лидери постојат во РМ, со тоа имаат направено голема грешка.

Овој амандман што го поднесувам мислам дека би требало да го прифатат сите пратнеици, затоа што доколку рамноправно учествуваат на избори, како што ќе учествуваат сите партии, така да учествуваат и партиите на овие националности, да може од сите пет заедници согласно Уставот и Раммковниот договор да биде избран пратеник. Во мојот амандман се предлага да има учество во сите шест изборни единици на овие пет заедници, таму каде што има по 20 пратеници, вкупно тоа се 120 пратеници. Доколку не е предложен кандидат за пратеник од некоја националност, за да има

застапник во овој законодавен дом, дваесеттиот пратеник на таа изборна единица да биде еден од кандидатите на тие заендици. Оној што ќе има меѓу нив еден глас повеќе од таа националјност, од тие заедници би можел да се избере по еден, доколку нема лимит, оној што ќе има еден глас повеќе да може да биде пратеник меѓу тие 20 кандидати. Значи, 20-сп пратнеик да може да биде од овие заедници. Со тоа, да се овозможи рамноправност во овој парламент и тие заендици да бидат застапени.

Видовте дека другите амандмани ги повлеков, тие беа со сосема друго образложение, но би било најдобро и најправедно овој амандман да се прифати.

Ги молам сите пратеници овој амандман да го поддржат, истиот да се изгласа, затоа што треба да им дадеме можност на сите национални заедници што постојат во Македонија согласно Уставот да учествуваат во овој законодавен дом, затоа што никој апсолутно не размислил досега дека овде треба да има застапеност на сите заедници.Молбата ја упатувам до сите колеги, затоа што сите сме рамноправни граѓани во РМ, па да бидеме докрај рамноправни во овој законодавен дом. Со тоа да има по еден претставник, како што кажа пред малку нашиот колега дека нема застапеност на оваа или онаа националност.

Уште еднаш ги замолувам сите пратеници да го поддржат овој амандман, да го изгласаат, со тоа што може би не се работи за пет, може да има четири пратеници, еден нема да има. Со тоа да му овозможиме и тој да биде застапен.

Уште еднаш ги молам сите пратнеици. Тоа е во интерес на нашата држава Република Македонија за мир во куќа, за мир во државата и да го поддржиме тој Рамковен договор. Тоа постои во Уставот и во преамбулата на Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некј друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 78 пратеници,од кои 14 за, 12 воздржано и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на ...

За збор се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидјеќи не помина амандманот, заради јавноста во Република Македонија а се работи за сите националности, за сите заедници, и за 400 илјади гласачи барам поединечно гласање и поддршка од десет пратеници за да види јавноста во РМ, кој е против и кој е за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има десет пратнеици кои го поддржуваат преедлогот на г-динот Амди Бајрам?

7 пратеници го подржуваат предлогот,нема десет пратеници.

Според тоа, не можеме да спроведеме поединечно гласање.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 84-а по членот 84, поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Нема таков амандман, да не сте грешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да повторам, отворам претрес по амандманот за додавање нов член 84 -а по членот 84, поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Амандманите се сега поделени.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г. Иџет Мемети.

**ИЏЕТМЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, Овој амандман го поднесувам со единствена цел, избирачите вработени во печатените и електронските медиуми, кои на денот на изборите, поради службени обврски, не се во можност да гласаат на гласачкото место, да гласаат согласно член 84 на овој закон во просториите на општинските изборни комисии. Овој амандман го поднесувам со оглед на тоа што на денот на изборите околу 350 до 400 граѓани, кои ќе бидат во улога на известувачи од изборните места ширум Републиката, не ќе можат своето уставно право да го реализираат, па во тој контекст го

предлагам амандманот да гласаат во согласност со член 84 од овој проект. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас, демонстративно ќе ја напуштам седницата на Парламентот, ја напуштам затоа што јас сум застапник на една националност, на една заедница и според Рамковниот договор, да се види во јавноста, ќе барам, според сите работи, да се бара, дека не се спроведува уставното право во Република Македонија.

(Дофрлање од место).

Нема што - Исклучи го, јас ве трпам вас цело време, и вие ќе истрпите сега.

Барам, ако може пауза поради ова, затоа што ќе поднесам нов амандман. Барам пауза од 15 мин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, за пауза нема ...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Демонстративно ќе го напуштам Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе дојдеш пак.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, не доаѓам. Тешко да ме донесат веќе во Парламент. "61" бев еднаш и веќе не.

Барам пауза од 15 мин...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема пауза, ве молам ...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Од пратеничка група кој ќе ме поддржи...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можам да дадам пауза ако знам за што е тоа. Ако се подготвува нов амандман итн.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Затоа што г. Рамадани го поднесе, кажа да правиме нов амандман, јас го поддржувам да направиме нов амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бајрам, седнете.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Да дадете пауза ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само нешто да ви кажам.

Овде имаше идеи дека треба да се даде пауза. Господинот Рамадани тоа го кажа, откако ќе завршиме со расправата по сите амандмани...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, сега, затоа што амандманот е одбиен. Ова е најдобар амандман г. претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој, на г. Черкезов?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, мојот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама тој помина.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Барам пауза ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој амандман помина и по него не можеме. Може да се даде пауза, за амандман кога ќе ги претресеме сите амандмани. Тогаш можеме да дадеме пауза. Така бараше г. Рамадани.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Добро, сега се согласувам, тогаш не ја напуштам седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот за додавање нов член 84-а по членот 84 поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, за гласале 6 пратеници, воздржано гласале 24 пратеници, против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Иџет Мемети, министер за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Амандманот го предлагам од следниве причини:

Се предлага, доколку се избрани 2/3 од пратениците, може да се конституира Собранието. Вака испаѓа дека треба да имаме 120 избрани пратеници за да може да се конституира Собранието. Да не дојдеме во пат ситуација, со сврзаниот систем на избори во шест изборни единици, па предлагам амандман со решение кога ќе бидат избрани 2/3 од пратениците, да може да се конституира Собранието.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратници, за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 21 пратеник, против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 2 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Иџет Мемети, министер за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за бришење на ставовиате 2, 3, 5 и 6 поднесен од пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Стојан Попов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Иџет Мемети, министер за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г. Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, ве молам за внимание, затоа што, навистина, би сакал стручно да укажам на проблемот што ќе се јави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да го сослушаме г. Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Доколку и понатаму покажеме нервоза, доколку и понатаму се однесуваме индиферентно спрема предлозите, имено, за што станува збор:

Тргнав од овие нови амандмани што на Предлогот на законот за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија ги поднесе Владата на Република Македонија. Во тој амандман, сега веќе е став 1, се вели дека двајца членови на ДИК се именуваат во согласност со политичките партии во опозицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Во следниот став вели - во согласност двајца членови се бираат од политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Сега, да ви кажам едно, ваквото решение правно е неодржливо, политички е штетно, а реално е неспроведливо, од овие причини:

Правно е неодржливо затоа што е во директна спротивност со член 8 став 1 алинеа 4, членот 98 и членот 100 став 3 од Уставот на Република Македонија, со кои што се нарушува начелото на поделба на законодавна, извршна и судска власт, како темелна вредност на нашиот уставно-правен поредок, како и уставното начело на независност и самостојност на судовите и неспоивоста на судската функција со вршење на било која друга јавна функција. Оттаму мислам дека, доколку усвоиме вакво решение, верувајте ми дека ова решение од овде директно оди во Уставниот суд, кој што ќе ни го оспори.

Политички е штетно затоа што сите политички партии во своите програми се имаат определено дека се за самостојно и независно судство. Тоа е уставна и законска,- но и меѓународна обврска. Затоа мислам дека согласно Уставот и законот, односно согласно меѓународните норми, судиите мора да бидат деполитизирани. Не може Врховниот суд на своја седница да одлучува по предлози и мислења на било која политичка партија. Се нарушува принципот на деполитизација на судството. Тоа дирдктно ќе падне на Уставен суд, ви кажувам најодговорно. Трето, реално е неспроведливо затоа што, јас можам да ви кажам од лично искуство, како човек кој седеше на местото на г.

Андов, имав големи проблеми со претседателот на Врховниот суд, затоа што имаа право во своето барање да не предлагаат судии во ДИК. Со силни маки ги натеравме. А, ќе ве молам, ако тие на своја седница велат, а материјалот од општата седница на Врховниот суд го добивте, дека општата седница на Врховниот суд на Македонија е против предложениот начин на избор на судии во изборните комисии со пр8длози од политички партии на власта и политички партии на опозицијата, па кажете ми која сила ние ја имаме овде да наложиме на една тотална самостојна власт, како што е судската власт, со наша одлука овде да го нарушиме принципот на поделба на власта, да им наложиме да определат двајца судии.

Навистина е смешно. Ние треба најнапред да ја штитиме уставноста и законитоста, да не дозволиме на ваква флагрантна работа, каде се крши Уставот, да одиме според волјата на политичките партии. Дајте малку разум овде, дајте да бараме друго решение. Немојте на овој начин да покажуваме насилство спрема судската власт. Ќе ни се врати многу негативно и на внатрешен план и на меѓународен план.

Само толку и затоа мислам дека овие одредби треба да се изменат во смисла на тоа, да ја оставиме седницата на Врховниот суд, таа да определи судии. А не, по предлог на опозицијата, по предлог на политичките партии од позицијата итн, итн. Затоа што со ова ставаме печат на тие судии, на судиите во регионалните судови, односно комисиите што ќе бидат, па до основните, не само дека се партиски определени и обоени, а партиите постојат, се фузираат, се губат за пратеник, туку и на нивните внуци ќе оставиме печат дека неговиот дедо бил судија на ВМРО-ДПМНЕ или бил судија на СДСМ. И тогаш овие партии или ќе се фузираат или нема да постојат. Сакав само толку да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам г. претседателе,

Мислам дека расправаме за едно многу важно прашање. Тоа е тема на коментари, размотрувања на повеќе нивоа. Мислам дека, ако компаративно гледаме на ова прашање, би требало да имаме конкретен одговор. Без оглед што имаме поделба на власта, законодавна, извршна и судска, се поставува прашањето дали со понуденото законско решение се нарушува принципот на независност и самостојност на судството? Мислам дека судиите, без оглед на тоа кој ги предлага на било кое ниво, било на ниво на ДИК или регионално или општинска комисија, било на ниво на Врховен суд, Апелационен суд, или Основен суд. Тие се таму, предложени за да спроведуваат закон, а не да поддржуваат политички ставови или партиски одлуки.

Затоа, еве, имаме многу држави каде доминантно место, во изборните комисии, посебно во централните изборни комисии имаат уставните судови. Исто така и тие се деполитизирани, департизирани институции. Не гледам никаква трагедија зошто можат овие структури да учествуваат. Напротив, мислам дека можат да придонесат со нивниот авторитет да имаме порегуларни избори.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставник на Владата, не го гледам, не е тука.

Прашањето на учество на судии и поделбата на власта теоретски е различно третирано и како што претходно истакна колегата Биљали, различно е во демократските системи, во различни земји во однос на тоа дали судиите можат да учествуваат во изборниот процес или не можат.

Во Република Македонија, во целокупниот дел на расправа по Предлогот на закон за избор на пратеници сметам дека и во теоретската расправа и кај теоретичарите, кај почитуваниот колега Климовски, преовлада едно мислење дека во Република Македонија подобро би било изборниот процес да го остваруваат професионалци. Што помалку да биде вовлечен дел на судството и судиите. Но, со оглед на донесување ново законодавство, со оглед на временскиот дел, прифатливо е со овој закон и во овој изборен процес да бидат вклучени судиите како еден најбитен, најдемократски и најреален однос или субјект за остварување на изборите 2002 година. Тоа е основно.

Би сакал посебно да се осврнам на дискусијата на професорот пратеник Климовски. Мислам дека тој намерно укажува на ствот на Врховниот суд што сите го добивме и не сака да сфати дека со амандманите на Владата на Република Македонија основниот лост на кој критикуваше веќе е изменет. Во Република Македонија, во ДИК, со овој закон, со најновите амандмани, судиите на Врховниот суд кои ќе бидат членови на ДИК нема да бидат на предлго на политичките партии. Политичките партии ќе даваат согласност при своето изјаснување во овој Парламент, бидејќи расчистивме со овој текст, претседателот на ДИК го именува претседателот на државата, четирите членови на Врховниот суд ги избира Собранието на Република Македонија, во согласност со политичките партии. Ние, сакале дефакто или дејуре и во сегашниот процес преку Комисијата за избори и именувања се бараше согласност. Политичките партии и во овој Парламент, со своето изјаснување за одреден судија даваат своја согласност дали да биде член на ДИК или не.

Дискусијата на Климовски имаше основ доколку беше старото решение. Би сакал да слушнам во тој дел дали и понатаму останува со ова ново решение што е многу битно изменето и директно не навлегува во мешањето на судската функција, на политичката во предлагањето и нивно мислење дека ќе се етикетираат за историјата и слично. Сметам дека новите решенија се во ред и во овој изборен процес судиите би требале, за фер и демократски избори најчесна и најдемократски да ја извршат својата функција во делот на едно од најважните права, а тоа е правото да бираш и да бидеш избран.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Знаете што, тоа што дискутираше г. Мерсел Биљали, политиколог е, па можам да сватам дека можеби од правните науки и нема некои пошироки познавања. Може да каже дека поетички, нели, ние ги избираме и судиите. Ме изненадува мислењето на правник. Да се разбереме. Овде се зборува различно толкување имало во теоријата. Ние не говориме за тунгузија. Ние говориме за Република Македонија, Државна комисија на Република Македонија, дали е тоа во согласност со Уставот на Република Македонија. Па, ќе ве молам, да не ги заменуваме тезите. Се работи за следново - не може кандидат да дојде од Врховниот суд ако тој претходно не е аминуван од партијата на власт, односно од партијата во опозиција, Па, ако досега тоа го правевте прикриено овде во претходниот состав, или во овој состав, немојте, ќе ве молам, јавно сега да ги жигосуваме судиите. Нема ниту една сила, независно што ние ќе донесеме закон, законот ќе падне во Уставниот суд, нема ниту една сила што ќе може да ги принуди судиите на Врховниот суд да учествуваат. Па дури и друго нешто оние четворица судии, па и петтиот кого ќе го каже Претседателот на Државата како извршна власт за претседател на таа ДИК, може да откажат и не можете да ги принудите.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (продолжение)

Вие можете да ги смените овде, но ќе ја имате целата меѓународна демократска заедница на грб. Затоа да внимаваме малку што правиме во оваа ситуација.

Најбезболно решение е да оставиме самиот суд, да го замолиме Судот на седница на Врховниот суд да определи членови без да се мешаме дека тие двајца треба да добијат претходно амин од партијата која што е на позиција или партијата на власт. Многу голема политичка штета правиме, тоа е многу негативно и на тој начин до крај ги партизираме сите други институции. Јавно и што е најважно луѓето ќе ги определиме за некоја политичка опција, иако тие треба да се департизирани. Во таа смисла мислам дека не се работи за ублажуваше на решението. Напротив, тоа останува исто, го читавме сите заедно тој текст , точно е дека има некое видоизменуваше, но пак остануваат партиите да си го кажат својот збор. Одтаму мислам дека треба да се преиспита ова решение, треба да се овозможи на судот сам да ги определува судиите така како што тие ќе си одлучат на своја седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Тоа колку има професионална спрема во правните науки и другите науки е прашање на луѓето кои таа матарија ја познаваат и секои наши искажуваша можат да бидат многу субјективни, меѓутоа многу чудно е што еден универзитетски професор нема основ за знаење за изборната

регулатива, како е регулирано во повеќе земји. Зошто професорот зборува вака, а го нема читано Законот на Германија, Франција, Австрија и Чехословачка. Нека ги погледа тие закони па да види кој е таму член на изборна комисија, па да каже кој има познавање или нема познавање по правните науки.

Второ, тие судии не се"фантом" . Тие не се флуидна материја. Не се гледаат. Тие не се луѓе без чувства. И тие имаат нивни чувства и нивно право, ајде сега во име на некое идеално деполитизирање на судиите да им забраниме да гласаат, затоа што тие ќе гласаат за некоја политичка партија, а со тоа практично се политизирани тие. Меѓутоа, неможе да се гледа така на работите. Вие правите компаративна споредба. Се гледа дека институцијата таму е пратена без оглед кој го праќа за да извршува и спроведува закони и точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во интерес на вистината и македонската јавност ќе ве молам да не ги навредуваме судиите во другите држави. Ниту еден од тие судии не учествува затоа што Социјал Демократската Унија или партијата на зелените ги предлагаат во државната изборна комисија. Тоа е навистина елементарно непознавање. И да не сееме магла овде дека познаваме многу работи затоа што навистина е строго стручна оваа материја за да може паушално да се дискутира.

Повеќе немам намера да учествувам во дискусијата, само бев должен поради професионалната моја вокација ова да го кажам, па вие понатаму како сакате.

(во меѓувреме со седницата продолжи да претседава г-динот Томисла Стојановски)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Има една анегдота за правниците, вели 2+2=4, ако со друг пропис не е регулирано. И мене оваа дискусија на правниците така ми личи, затоа што овде увацо читам "во согласност со политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови", значи г-динот Климовски е во право кога го толкува тоа. Меѓутоа, кај нас вакви работи ни се случуваат station назад подолго време, од влез на опозицијата во широката коалиција па наваму. Бидејќи е терор на опозицијата врз Владата со помош ма меѓународни посматрачи и за да и се погоди се прават јазични епилибристики со кои се збунуваат не само професорите туку и меѓународната заедница, затоа што јас само еден претставник пред некој ден видов како излезе од Парламентот, навистина беше збунет и занесен и верувам дека од вакви правници најверојатно со завршен електрофакултет.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас не би полемизирал бидејќи во основа особено Анушев и проф-Кломовски кажуваат нешто што не е точно, што не го пишува во законот. Ниту е на предлог на политичките партии, основниот принцип во велокупното законодавство е јасен. Орган кој го формира ДИК е Собранието на РМ. Јас тврдам спротивно од проф. Климовски. Врховниот суд нема никакви надлежности во изборните процеси, ниту да предлага судии во изборните процеси. Тогаш е мешаше на судската и законодавната власт.

Начинот, судиите да учествуваат во РМ Билали укажа. Точно е дека е подобро да има професионални органи кои ќе ги спроведуваат изборите и треба да уечствуваат. И начинот "во согласност" во Законот точно е. Партиите кои освоиле најповеќе гласови на изборите тие го носат Парламентот, не го носат партиите со еден или двајца пратеници. Се ова и овој Закон што го носиме е со мнозинството. Најлогично е .

Претходното решение кое упорно го протежираат тука дека е на предлог на политички партии влегуваше во дел во самостојноста и точно е. Но, решенијата кои што ги понуди Владата односно кои ги договорија лидерите нудат нешто друго. Нуди судии од Врховниот суд во ДИК во која нормално пратениците од позиција и опозиција, бидејќи личностите треба да уживаат углед. Затоа е согласноста. На овој Парламент ние ќе гласаме.

За одредени личности, нормално тие се јавни, до колку има некои забелешки ќе се укажат во тој дел. На тоа се мисли на согласност. Нема никаков друг начин. Многу ми е криво но воведувањето на врховен суд за предлагање во ДИК сосема е мешање меѓу законодавната, извршната и судската власт.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Може и проф. Климовски да е во грешка.

Ајде да земеме дека е во грешка, меѓутоа неможат 25 судии на Врховнит суд да бидат грешка кога лично до секој од нас напишале: "општата седница ..." , знаете ли што е општа седница! Општа седница е еден свечен парламент кој што носи задолжителни насоки . Вели: "на општата седница на Врховниот суд на :РМ е против предложениот начин на избор на судии во изборните комисии со предлози од политичките партии од власта и од политичките партии од опозицијата". Па, сега вие како сакате толкувајте го, така пишува и неможе оваа одлука на општата седница на Врховнито суд да биде побиена. Ние само треба да ја видиме, да ја земеме,да ја разгледаме и да постапиме така како што е кажана вољата на третата рамноправна со нас власт и заедно со извршната. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине Климовски,

Многу ми е жал но морам да ви кажам. Земате еден пасус од мислењето на Врховниот суд за пратениците и за јавноста продолжите да читате. До колку сепак Собранието на РМ одлучи да остане предложеното решение, што значи Врховниот суд на РМ не е според уставноста или недопуштеноста на учество на судиите на Врховен суд. И нив им е многу јасно дека судиите во РМ од врховните до основните можат да учествоваат во изборните процеси Тие сметаат, дека нивното учество може да има одредени последици и затоа во иднина во РМ треба да градиме професионални, но вашето читање на тој пасос не е фер према јавноста и према нив кога не го дочитувате. Уште еднаш ќе ви прочитам. До колку сепак Собранието на РМ одлучи да остане предложеното решени. Што значи Собранието на РМ врз основа на Уставот одлучува кој ќе спроведува изборните процеси, вклучувајќи ги и судиите од врховни до основни судии. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Саво Кломовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека или несакаме да слушнеме или неможеме да се разбереме. Г-динот Гештаковски заборава дека тие сакаа да ни помогнат и ќе предложат свои судии но велат вака, се спротиставуваат на предлози од политичките партии на власта и од политичките партии на опозицијата. Па тоа се суштината на овој закон, и на оваа одредба што ние ја оспоруваме. Значи тие ќе помогнат, ќе дадат свои судии но не по диктат на опозицијата и на власта и немојте сега овде погрешно да ги преставуваме работите. Никако неможат да бидат по предлози на опозицијата и на власта. А, ако покажуваат добра волја, јас реков треба да се остави на општа седница да си определат самите судии, членови на ДИК. Тоа е мојот предлог што коинцидира со завршниот став, а не е со она претходното што го имаме ние во Законот. Во Законот пишува. По предлог, поточно во согласност, значи неможе да дојде тој предлог ни овде ако нема согласност од владеачката партија и од партијата во опозиција што е најбројна. Тоа не е исто,

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам

Има збор г-динот Зибери Насер.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека можеме до безконечност да се надмудруваме кој е во право, дали е засегната позицијата на третата власт со решението што се нуди во Законот и да развиваме, ако сакате, тези околу тие прашања. Но, конечно треба да бидеме свесни дека ова решение, всушност, повеќе е наметнато од претходното лошо искуство од изборите и целиот, би рекол циркус што ни се случување со начинот на кој што се водеа , почнувајќии од ДИК, па надоле, органи што ги спроведуваат изборите.

Ја разбирам суштината на дискусијата и тенденцијата на г-динот Климовски да се внимава на уставната положба на судската власт и евентуалните импликации од решението што го нуди Законот. Тој е тука сосема во право. Го поддржувам, до толку повеќе што тој е професор по уставно право, да се заштити судската власт од било како начин на импликација на политичките влијанија врз нивната положба, врз нивната уставно-правна положба и тн. и тн.

Ви за ви останатите, јас морам да ви кажам дека во расправите што се водеа, многу од луѓето кои се занимаваат со оваа проблематика, а кои ни помагаат и нам, било да се тоа претставени преку ОБСЕ, специјализирани агенции на ОБСЕ, на невладини организации специјализирани за прашања на изборите што учествуваа во создавање правна регулатива за спроведување избори

во повеќе земји, не се највоодушевени од евентуалната импликација, во контекс на она што говореше професорот Климовски.

Но, да не заборавиме дека ние, всушност , овие тенденции не ги почнуваме сега и ова што сега се прави не е некое ново решение што треба вака или онака да се толкува. Професорот Климовски, најверојатно во времето додека Демократска Алтернатива беше на власт, на предлог на нивен министер, за жал, исто така проф. на Правниот факулсте, беше направен првиот чекор на нарушување на независноста и уставната положба на судството. Вие знаете дека на предлог на г-динот Камбовски беше изменет Законот за Републичкиот судски совет , каде што , по сила на закон се даде положба на министерот за правда во постапката за предлагање на судии. Неговиот глас да биде рамноправен во Републичкиот судски совет. Тоа беше непримерно. Не случајно Законот за Републички судски совет предлага таква позиција на Републичкиот судски совет и се обидува да го заштити Републичкиот судски совет, а преку него и судиите, од политичките влијанија и импликациите на политичките партии. Тоа е прво.

Второ, вие знаете дека од првите постапки што беа преземени во тоа време, а што исто така директно одеше на штета на уставната положба на судските органи и нивната неутралност, беше предвременото, спротивно на Законот, разрешување на тогашниот јавен обвинител, поставување јавен обвинител по предлог на партиите кои имаа мнозинство во Собранието.

Трето, вие знаете дека во ова Собрание, од ова мнозинство колку пати ни се случува да се предлага разрешување на судии само поради политичките импликации или нивна нелојаност кон одредена политичка структура, а тука поткрепена под наводни аргументи што всушност не се тоа, за нестручност и тн. и тн. и нивно исклучување од натамошно извршување на судската функција.

И, конечно, јас би сакал и сум поборник до крај судската власт да биде апсолутно заштитена од политичките влијанија, но тогаш ние треба од почеток да го промениме нашиот политички систем. Се надевам дека проф. ќе се согласи да и начинот на кој ги бираме, без оглед на положбата на Републичкиот судски совет, како ги бираме судиите, се под политичко влијание и односно, тие , под некои критериуми доаѓаат тука. Ајде да го измениме тоа па да предлагаме поинаков начин на избор на судии, како што познаваат политичките системи во светот, на непосредно гласање на судиите, како што е примерот на САД, на примерот на претседателските системи каде претседателите на државата ги иманувaат судиите или трети или четврти начини на кои може да се обезбеди многу , многу поголема заштита на положбата на судиите во политичкиот систем на земјата. Веројатно ќе се согласите дека , врз основа на овие принципи и критериуми и обидот да се влијае од положба на Собрание и Влада , беа направени измените односно разрешувањата и нивната замена на скоро сите претседатели на судови , од основните, Апелациониот, па до Врховниот суд. Единствената инстанца што остана заштитена од ИКС причини, но и поради уставните норми е Уставниот суд на РМ. Не случајно , г-дине Климовски, денеска една од најголемите реакции, споретивставување на одредени политички партии одат во прилог на тоа да во никој случај претседател на ДИК да не биде од страна на Уставниот суд на РМ. Зошто? Затоа што таму влијанието на актуелната гарнитура не е присутно.

Значи, колку и да сакаме да ги идеализираме прашањата, сепак тие не се такви. Апсолутно се согласувам со Вас дека, во принцип, таа функција и судството треба да биде заштитено од политиката и тоа до крај.

Конечно, да завршам со следново. Неминовно, во ситуација, во положба какви ние избори знаеме да спроведуваме, треба да се најде баланс и паритет на претставување на позиција и опозицијаво органите што ги спроведуваат изборите, во ситуација кога немаме или не сме подготвени да обезбедуваме друго,апсолутно неутрално тело што ќе гарантира фер и демократски избори и тело во чија постапка и работа нема да се посомнева ниту една политичка партија што учествува на изборите.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (продолжение)

Ако сме спремни да создаваме такво тело, повелете, барем ние како ПДП ќе ве поддржиме и ќе се приклучиме кон тоа. Но, не можеме да се убедиме и никако нема да прифатиме, под плаштот на заштита на положбата на судството во политичкиот систем да се наметнува мнозинство кое ќе гарантира фризирање на резултати.

Затоа, се создадени овие норми, затоа се создадени овие заштитни механизми и тие заштитни механизми, се согласувам со вас, но сепак, добија

преодна виза и во органите во кои се повикуваме како неутрални, понапредни кои имаат искуства на овој план, почнувајќи од ОБСЕ и останатите меѓународни структури.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина, многу аргументи г. Зибери спомна, а по ова прашање, го отвори прашањето и на независноста и самостојноста на судската функција. Јас се согласувам со овие негови констатации, меѓутоа, ова е можеби добар повод да се отпочне и со практично менување на ваквите состојби односно да не се повикуваме на грешките направени во минатото, па да продолжиме и понатаму со такви грешки. Поточно, го поддржувам во барањето, Републичкиот судски совет односно судството во целина да има целосно независна функција, а да се промени положбата и улогата во уставниот систем на Републичкиот судски совет. Од таму се генерираат многу работи за кои што тој говореше, а ова е можеби и поводот да почне посериозно да се размислува, за да се заштити независноста и самостојноста на судскиот систем. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници,

Со писмото кое што го добивме од Републичкиот врховен суд каде што во последниот став "доколку, сепак Собранието на РМ одлучи да остане предложеното решение", укажува на тоа дека ние во Република Македонија само формално-правно ја имаме разграничено власта во државата на законодавна, судска и извршна. Бидејќи со ова Републичкиот уставен суд дава двосмисленост на нејзиното барање, укажува дека, а ние знаеме дека судиите во тој Уставен суд и во другото судство ги бираше овој Парламент. Се додека овој Парламент бира претставници за судии односно судии во Врховниот суд, судии во Уставниот суд, на некој начин индиректно се инволвира власта односно се инволвираат политичките партии, кои што се во власта. Ќе имаме, во смисла на зборот, независно судство само во оној момент, доколку како Парламент се залагаме да направиме радикални промени во севкупната државна власт односно админитрацијата, така што судството, Врховниот суд и Уставниот суд, судиите во нив да се бираат по пат на волјата на граѓаните директно, како што во многу земји е тоа така како што тоа го кажа еден колега од претходните дискутанти. Се додека индиректно судиите ги бира овој Парламент, а во овој Парламент се знае како се бираат, значи, со гласање, односно политичките партии кои што се на власт индиректно влијаат врз таа таканаречена формално-уставно независна судска власт. Фактички во Република Македонија немаме ништо независно, туку имаме квазидемократија, квазипарламент, квазиподелба на власта во државата на законодавна, судска и извршна. Очигледно, ние пред некој момент овде бевме и сведоци дека ние како законодавен дом бевме приморани односно од извршната власт, да не речам, тероризирани од стана на тоа што не се плаќаат сметките за телефоните на пратениците и имавме исклучување на телефоните од страна на Телеком, кој што исто така ова Собрание е основач на таа фирма, каде што Владата 51 % од основачкиот влог го има продадено. Сакам да кажам дека нема независно судство, нема независно законодавство, туку има партизација во севкупната власт и само имаме квазиподелба на власта, како што ја кажав, на извршна, законодавна и судска. Имаме типично партиска власт и партизација на власта во државата. Ние сме далеку од демократијата и незнам уште колку време треба да помине, за да може во РМ да се изградат едни нормални демократски принципи и односи, како во овој законодавен дом, така и во севкупната поделба на влста како што ја кажавме. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам колега Ѓорѓи.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги молам колегите пратеници да влезат во салата, за да можеме да го спроведеме и чинот на гласање.

Молам да гласаме за амандманот.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 16, воздржано гласале 10 пратеници и против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за бришење на точките 2, 3, 5 и 6, поднесени од пратениците: Саво

Климовски, Радомир Крангелески и Столе Попов.

Го молам пратставникот на Владата да се произнесе по предложените амандмани.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го затворам претресот и амандманот го ставам на гласања.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласала 69 пратеници, за гласале 9, воздржано гласале 14 пратеници и против гласале 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

За збор се јави пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Се извинувам г. потпретседателе, меѓутоа, навистина сма доведани во една, би рекол, нејасност, една матна ситуација, бидејќи ние поднесовме само едан предлог и еднаш гласавме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колага Карангелески, вие имате три. Јас ја сладам дикцијата и процедурата на службата, не можам сам да одлучувам за оваа работа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 19 -поднесен од пратениците: Саво Климовски, Радомир Карангелески и Столе Попов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТМЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 11, воздржано гласале 17 пратеници и против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 15, став 1 и 3, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по предложениот амандман.

**ИЏЕТМЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека поднесениот амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 1, за бришење на точка 5, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 125 став 1 и 3, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 126 за додавање на нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Колеги пратеници, меѓувреме поднесени се амандмани од пратеникот Александар Гештаковски. Амандман на член 28, став 2, член 32 за додавање нова точка 2-а по точката 2 и на член 33 за менување на точка 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Спанаков и Амди Бајрам поднесоа амандмани на член 2 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, по кој Владата не се произнела, со тоа што писмениот дел со кој пратеникот Амди Бајрам се приклучува кон овој амандман, не е поделен на вас.

Пратеникот Александар Талевски, поднесе амандман на член 84, став 3, 4 и 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Талевски го повлече амандманот на член 84 став 3, 4, 5 и 6.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандман на член 32 за додавање нова точка 2-а по точката 2, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам член по амандман на член 33 за додавање на точка 2, поднесен од патеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТМЕМЕТИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандман на член 2 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор предлагачот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван поптретседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, ја исполнувам желбата на колегите пратеници кои бараа термините во предложениот амандман да ги усогласам со уставните термини, така што сега она што се предлга е следново. Во членот 2 по став 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат вака, став 2: "108 пратеници се избираат од редот на кандидатите на политичките партии на граѓаните кои припаѓаат на заедници со повеќе од 20% и тоа според пропорционалиот модел во шест изборни единици утврдени со закон". Став 3 гласи: "12 пратеници се избираат од редот на политичките партии на граѓаните кои припаѓаат на заедници под 20%, како што се турците, србите, власите, ромите и бошњаците, според пропорционалниот изборен модел во РМ, како една изборна единица". Образложението е исто како што беше и во претходниот амандман, само што сега тие термини кои што ги употребив тогаш мнозински и малцински заедници сега ги менувам и ги употребувам термините што се употребени во Уставот 20% над и 20% под бројност на заедниците.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеника, за гласале 11, воздржано гласале 11, против гласале 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Да ви кажам господа пратеници во нашиот поранешен систем имавме договорна економија и ни пропадна државата, а сега имаме демократија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници,

Сакам да кажам дека во поранешниот систем имавме договорна економија, а имавме и еден принцип на клуч: избирање, предлагање и

именување под клуч. Мислам дека некои работи личат на поранешниот систем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара знор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Дали некој друг бара збор? (Никој) Ве молам да гласаме.

Пардон, бидејќи амандманот е гласан.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам , кој бара збор?

Ве молам, имаме уште еден амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 84 став 3,4 и 5, поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманто се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Константирам дека амандманот е составен дел на предложениот текст на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам кој бара збор?

Амандманот на г-динот Таири не е поделен и тој се јави да сочекаме .

Амандманот треба да биде поднесен во писмена форма, па затоа ќе почекаме десет минути, па ќе продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман за менување за менување на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

Јас би сакал да ја образложам идејата зошто е прадложен овој амандман.

Сметам дека е потребно на овој закон за избор на пратеници да постои адан коректор кој ќе овозможи избор на пратеници и на тие етнички заадници, кои што имаат капацитет да имаат свои претставници на ниво на државата.

Затоа се предлага дваесет пратеници да се изберат од една изборна листа на ниво на државата, спорад етнички принцип.

Имено, кога ќе оди избирачот, ќе зема две гласачки ливичиња. Едната кое што е за изборната единица со по дваасат пратеници и другата листа своја етничка листа. Македонците за својата , турците , ромита, како ќе им идат.Така што, ова можеби нема да им обезбади присуство на сите етнички заедници, но ќе им овозможи присуство, односно да се здобијат со мандати тиа етнички заадници, кои што имаат капацитет на ниво на државата да обазбедат пратеници.

Затоа јас апалирам до пратениците да имаат разбирање и да им дадеме една можност на сите тие заедници кои што тврдат дака имаат капацитат да остварат доволно гласови на ниво на државата, да имаат свои претставници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас го подржувам г-динот Мевљан Таири по повод овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласал9 вкупно 82 пратениви, за гласале 12, воздржано

гласале 15, против гласале 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот

амандман.

За збор се јавува г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас имам нов амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е предаден во архива.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Еве сега ќе го предадам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Амди нека ја заврши работата со амандманот ќе почекаме и за овој амандман и со тоа ќе завршиме со работа.

Меѓутоа, сега ќе продолжиме по Предлогот на законот за избирачкиот список.

Предлогот на законот и изв9штаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Иџет Мемети, министер за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Мислам дека сум должен пред пратениците и пред јавноста да образложам што содржи законот. Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Пред вас, исто така, во пакетот изборни закони се наоѓа и законот за избирачки список.

Со предложениот закон се утврдуваат прашањата кои се многу битни за изборниот процес за дефинирањето на избирачкото тело, водењето на избирачкиот список, како документ за утврдување на избирачкјото право во Република Македонија, критичниот момент на податоците во избирачкиот список за гласање, достапноста на податоците од избирачкиот список до граѓанит еи до политичките партии и постапката за заштита на избирачкото право во Република Македонија.

Ќе бидам многу краток и да ве известам дека при подготвување на текстот на Предлго на законот за избирачки список господа пратеници, ги имавме предвид сите мислења и укажувања кои беа дадени било на собраниските комисии, било од страна на пратениците при општата расправа за предлогот за поднесување на законот за избирачки список.

Исто така ве известувам дека забелешките што беа дадени од ЗПК се прифатени скоро сите, а исто така и од Комисиајта за политички систем.

Предлогот за донесување на законот за избирачки список, претрпе одредени измени во однос на предлозите на изборниот модел кои доаѓаат со оглед на тоа дека во законот за избор на пратеници и во Законот за изборни единици утврдивме нов изборен модел.

Исто така, треба да се нагласи дека во делот на поединечните и завршните одредби, која е само преодна одредба не е основна одредба во законот , воспоставена е одредба според која ќе се подгортвуваат и посебни избирачки списоци за раселените лица.

На крајот, барам од пратениците и овој закон да биде донесен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 11 став 3 и на член 30 став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Чедомир Кралевски и Воислав Стојановски поднесоа амандман на член 30 за додавање нов став 5 по ставот 4 , по кој Владата не се произнела.

Пратеникто Александар Пандов поднесе амандман на член 30 за додавање нов став 5 по ставот 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за додавање нов став 5, по ставот 4, поднесен од пратенциите Чедомир Кралевски и Воислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандмнот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претр^сот и амандманот

го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 89 пратеника, за гласале 10, воздржано гласале 14, против гласале 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 30 , за додавање нов став 5 по

ставот 4 поднесен од пратеникот Александар Пандов. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТМЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? Г-динот Пандов го повлекува амандмнаот. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогто на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 83 пратеника, за гласале 74, воздржано не гласал никој, против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за избирачкиот список.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман за менување на член 2 по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Крајно време е овој амандман да се прифати. 120 пратеници треба да се изберат на шест изборни единици. Од 120 115 да се изберат во шест изборни единици а пет пратеници да се изберат од малцинските заедници, што го имаме според Уставот.

Ги молам сите пратеници да го изгласаат овој амандман, бидејќи тоа е многу битно за Република Македонија. Значи 115 да идат на шест изборни единици, а пет да идат на една изборна единица, од овие националности, мислам помалите партии односно помалите националности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Алија Шахиќ.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

И јас се придружувам кон амандманот на господинот Амди Бајрам и го поддржувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејки никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласаа вкупно 83 пратеници, за гласаа 18, воздржано гласаа 15 и против гласаа 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање. Барам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има10 пратеници кои го поддржуваат господинот Амди Бајрам?

Има само тројца пратеници кои го поддржуваат.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Повикајте ги пратениците да влезат внатре. Молам да гласаме.

Господинот Амди Бајрам се јавува за збор да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас демонстративно ја напуштам оваа седница, нема да гласам. Значи демонстративно ја напуштам седницата за време на гласањето и апсолутно не се сметам за припадник на заедниците во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 90 пратеници, за гласале 89, еден воздржан и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на осмата точка Предлог за донесување на закон за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на законт.

Предлогот за донесувањена законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Соб-ранието му предлагамда го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 85 пратеници. За гласале 84, воздржано гласал еден и против не гласал никој.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, за гласале 83 пратеници, воздржано не гласал никој и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлоготна законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Сега расправаме по текстот на Предлогот на законот, а ние сме во подготовка на амандман кој е предаден. Во врска со тој амандман јас би кажал само две реченици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се зборува само по поднесен амандман.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Тогаш да почекаме да дојде амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашајте дали амандманот е пуштен во архива.

Поради овој случај, а веројатно ќе се најават и нови амандмани, сега ја прекинувам седницата, а ќе продолжиме во вторник во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,35 часот).